РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02-12659/14
03-12-2025 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

---

# ПРАВИЛНИК
за изменување на правилникот за внатрешна организација на Јавното претпријатие за државни патишта

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024) член 19 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 89/2022, 274/2022 208/2024 и 193/2025) и член 20 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта на 03.12.2025 година го донесе следниот:

**П Р А В И Л Н И К**

за изменување на правилникот за внатрешна организација на Јавното претпријатие за државни патишта

**Член 1**

Во Правилникот за внатрешната организација на Јавното претпријатие за државни патишта број 02-11512/4 од 29.11.2017 година, број 02-7328/5 од 25.07.2022 година, број 02-2030/4 од 02.03.2023 година, број 02-7040/7 од 25.07.2023 и број 02-8158/5 од 26.07.2024 година, во глава III.ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ, во членот 17, точка 7.2 се менува и гласи:

„Одделение за безбедност на патиштата – чиј делокруг опфаќа спроведување на политиката за безбедност на сообраќајот на патиштата и развојната стратегија за безбедност, преку воспоставување и функционирање на интелегентни транспортни системи (ИТС) на државните патишта и сигнализацијата на државните патишта за безбеден сообраќај на иститe, собирање, обработување и ажурирање на електронски податоци за условите на државните патишта како и за неопходните работи од одржување на државните патишта и безбедност на патиштата, изработување на бази на податоци во врска со безбедноста на сообраќајот што треба да се внесат во годишниот буџет на ЈПДП, развој и имплементација на електронските системи на државните патишта за следење на работата на инсталираните системи за контрола и управување со сообраќајот и вршење кориснички надзор над инфраструктурни проекти.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање согласност од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

**Управен одбор**

**Претседател**

**Наташа Јованоска**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА - Република Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut - NDERMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE - Скопје - Shkup